РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2265/1
23-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-тата седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-3270/1 од 04.12.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконско ангажирање на професор по /// во ООУ /// – /// во текот на 2024 година, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на закон од страна на пријавеното службено лице.

Предметот со број 12-3270/1 од 04.12.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител, на ден 04.12.2024 година е поднесена пријава со наводи за незаконско ангажирање на професор по /// во ООУ /// – /// во текот на 2024 година, по која е оформен предмет број 12-3270/1 од 04.12.2024 година.

Во пријавата се изнесуваат сомнежи за незаконско постапување на вршителот на должноста директор на ООУ /// – ///, /// во постапка за вработување/ работно ангажирање на професор по /// во текот на 2024 година, во која наводно било вработено/ работно ангажирано лицето ///, кое според наведеното во пријавата немало соодветно образование, односно имало завршено средно образование.

Државната комисија заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба достави барања за доставување податоци и информации до Државниот просветен инспекторат.

Од увидот во доставените податоци, информации и документација утврдена е следната фактичка состојба:

Државниот просветен инспекторат постапувал по претставка со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата доставена до Државната комисија и над субјектот ООУ /// – /// бил извршен вонреден инспекциски надзор при кој бил составен Записник /// од /// година, во кој е утврдено дека директорот на ООУ /// – ///со лицето ///, студент на /// факултет склучил Договор за вработување на определено време за вршење на итни и неодложни работи, бр./// од /// година.
Имено, поради именување на вработениот наставник по /// во ООУ /// – /// за директор на ООУ /// – /// и донесување на Решение од /// година за мирување на неговиот работен однос, од страна на ООУ /// – /// на /// година до градоначалникот на Општина /// било доставено Барање и Преглед на барани согласности за вработување на определено време – старо финансирање, за вршење итни и неодложни работи, еден наставник по /// со 20 наставни односно 40 работни часа.
По добивање на согласност од градоначалникот на Општина /// од /// година, училиштето до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија доставило Барање за посредување при вработување на определено време на наставник по ///, по што од страна на Агенцијата бил доставен образец во кој било евидентирано дека нема резултати од пребарувањето во базата на лица кои соодветствуваат на условите за работното место наставник по ///. За склучениот Договор за вработување на определено време за вршење на итни и неодложни работи, бр./// од /// година од страна на училиштето било доставено Известување до Агенцијата за вработување.

По добивање на согласност од Министерството за образование и наука на /// година, за вработување на определено време до крајот на учебната 2024/2025 година, од страна на училиштето била спроведена постапка за вработување на наставен кадар на определено работно време до крајот на учебната 2024/25 година: на /// година била донесена Одлука за објавување на јавен оглас за избор на наставен кадар на определено работно време – старо финансирање, објавен на /// година, во кој под точка 20 била утврдена потреба од избор на наставник по ///. Училишниот одбор на ООУ /// – ///, по разгледување на документите на пријавените кандидати, до директорот на училиштето на /// година доставил Предлог за избор на наставен кадар, во кој за работното место наставник по /// бил предложен единствениот пријавен кандидат ///, апсолвент на /// факултет, студиска програма ///, запишан во /// година, кој со Одлука на директорот од /// година бил избран за работното место наставник по ///, по што истиот ден бил склучен Договор за вработување на определено работно време до крајот на учебната 2024/2025 година и било донесено Решение за распоредување на вкупен број на часови.

Државниот просветен инспектор во Записникот /// од /// година не констатирал неправилности при вработувањето на наставник по /// во ООУ /// – ///. Во Известување од /// година Државниот просветен инспекторат ја извести Државната комисија дека во учебната 2025/2026 година лицето /// не работи во ООУ /// – ///.

Според член 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта,
(1) Наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое:
- има завршено најмалку четири години соодветно високо образование согласно со нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професијата наставник во основно и средно училиште припаѓаат на VI А ниво од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации,
- има положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж,
- е државјанин на Република Северна Македонија,
- го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата.

(3) По исклучок од ставот (1) алинеја 2 на овој член, наставник во основно, односно средно училиште може да биде и лице кое нема положено стручен испит, најмногу до завршувањето на тековната учебна година и под менторство на наставник-ментор определен од училиштето.

Според член 9 став 1 и став 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта,
(1) Наставникот се избира по пат на јавен оглас и заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година.
(4) Лицата од ставот (1) на овој член, кои се вработуваат на постојно работно место испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кое работно место биле обезбедени финансиски средства, можат да засноваат работен однос и без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца, а по претходно обезбедена согласност од градоначалникот за општинските основни училишта односно министерот за државните основни училишта.

Според член 10 став 1 и став 2 од Законот за наставниците и стручните соработници,

(1) Јавниот оглас од членот 9 став (1) од овој закон, се објавува во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
(2) Училиштето, пред да распише јавен оглас за вработување потребата од наставник на определено време ја обезбедува со наставник со соодветно образование и со неполн фонд на наставни часови од друго јавно училиште во општината, а за градот Скопје од друго јавно училиште во општините во градот Скопје, по претходно обезбедена согласност за вработување на определено работно време од Министерството.

Според член 11 од истиот закон,

(1) Доколку на јавниот оглас од членот 10 став (1) од овој закон, не се пријави лице кое ги исполнува условите утврдени во членот 3 став (1) алинеја 1 од овој закон, може да заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година лице кое се јавило на јавниот оглас за наставник.

Врз основа на утврдената фактичка состојба може да се констатира следното:
Лицето /// било ангажирано како наставник по /// во ООУ /// – /// во два наврати:
- Врз основа на Договор за вработување на определено време за вршење на итни и неодложни работи, бр./// од /// година, склучен по донесување на Решение од /// година за мирување на работниот однос на вработениот наставник по /// во училиштето поради негово именување за директор на ООУ /// – ///. Пред склучувањето на Договорот, од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бил обезбеден податок за лица кои соодветствуваат на условите за работното место наставник по ///, имало обезбедени финансиски средства, а од градоначалникот на општината била обезбедена согласност, во смисла на член 9 став 4 од Законот за наставниците и стручните соработници; и
- Врз основа на Договор за вработување на определено работно време до крајот на учебната 2024/2025 година, бр./// од /// година, по спроведување на постапка за вработување по јавен оглас во која од страна на Училишниот одбор бил предложен за избор како единствен пријавен кандидат за работното место наставник по ///.

Според одредбата од членот 11 став 1 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, доколку на јавниот оглас за засновање работен однос на определено време до крајот на учебната година не се пријави лице кое го исполнува условот за завршено најмалку четири години

соодветно високо образование согласно со нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС, може да заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година лице кое се јавило на јавниот оглас за наставник, како што е во конкретниот случај.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, како и дека во Записникот /// од /// година инспекторот не утврдил неправилности кај субјектот на надзорот, Државната комисија оцени дека наводите од пријавата кои се однесуваат на незаконско ангажирање на професор по /// во ООУ /// – /// во текот на 2024 година не се потврдуваат и не постои постапување спротивно на закон кај пријавеното службено лице, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК